Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Генерален секретаријат



# Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор

[2007-2011]

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Генерален секретаријат



# Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор

**[2007-2011]**

Скопје, јануари 2007 година

Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор
2007-2011

**Издавач**
Влада на Република Македонија
Генерален секретаријат

**Дизајн и печат**
Кома лаб - Скопје

**Адреса на издавачот**
Влада на Република Македонија
Генерале секретаријат
Бул. „Илинден“ бб,
1000 Скопје, Република Македонија

**www. gs.gov.mk**



CIP – Каталогизација во публикација; Народна и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски”,

Скопје

342.51.072.2;061.2(497.7)”2007/11”

СТРАТЕГИЈА за соработка со граѓанскиот сектор со Акциски план за спроведување : 2007-2011. - Скопје : Влада на Република Македонија, Генарелен секретарјат, 2007. - 51 стр. : илустр. ; 21 см

ISBN 978-9989-2666-4-5

а) Македонија - Влада - Соработка - Невладини организации - 2007-2011

COBISS.MK-ID 68499466

# СОДРЖИНА

| | |
|---|---|
| I Вовед | 7 |
| 1. Глобални цели на Стратегијата | 8 |
| 2. Нормативна рамка за дејствување | 9 |
| 3. Временска рамка за остварување на Стратегијата | 9 |
| 4. Субјекти за реализација на Стратегијата | 10 |
| II Граѓанскиот сектор во Република Македонија: генерален преглед | 13 |
| 1. Поим за граѓанскиот сектор | 13 |
| 2. Досегашната состојба и актуелната улога на граѓанскиот сектор во Република Македонија | 15 |
| 2.1. Области на дејствување | 16 |
| 2.2. Карактеристики на граѓанскиот сектор | 16 |
| 2.3. Учество во креирањето на политиките | 17 |
| 2.4. Постојна правна рамка | 19 |
| 2.5. Финансирање | 20 |
| o Буџетско финансирање | 20 |
| o Даночна политика, поттикнување на добротворството и волонтерството | 23 |
| 3. Учество на граѓанскиот сектор во процесот на европските интеграции | 24 |
| III Принципи на соработка | 25 |
| IV Стратешки цели | 27 |
| 4.1. Надградување на правната рамка | 27 |
| 4.2. Учество на граѓанскиот сектор во креирањето на политиките | 28 |
| 4.3. Остварување меѓуинституционална соработка | 29 |
| 4.4. Остварување меѓусекторска соработка | 30 |
| 4.5. Вклученост на граѓанскиот сектор во процесот на интеграција во Европската Унија | 31 |
| 4.6. Создавање услови за финансиска одржливост на граѓанскиот сектор | 32 |
| 4.7. Постојан развој на граѓанскиот сектор | 34 |
| V Спроведување, следење и ревизија | 35 |
| VI План за спроведување | 36 |
| VII Користена литература | 37 |

# I ВОВЕД



Развојот на граѓанскиот сектор е од исклучителна важност за фундаменталните демократски плурално изразени вредности на една земја, како и за поттикнување на граѓанската свест за поширок општествен ангажман. Истовремено претставува и афирмација на уставно загарантираните човекови права на слободно здружување заради остварување и заштита на разнородните права и уверувања и на правото на слободен говор, артикулирани преку принципите на партиципативната демократија. Исто така, граѓаните преку нивните активности придонесуваат за посеопфатен општествен развој и за подобрување на квалитетот и стандардот на животот.

Ваквиот придонес на граѓанскиот сектор во промовирањето и градењето на демократската култура и социјалната кохезија на сите општествени нивоа ја поттикнува потребата од соработка меѓу него и Владата на Република Македонија. Нивното взаемно дејствување може значително да придонесе во развивањето на бројни области во општеството, со цел ефикасно да се одговори на предизвиците и тековните проблеми на земјата. Од своја страна, граѓанските организации, како дел од општествениот систем, се форма преку која јасно се изразува граѓанската иницијатива и преку која се овозможува учеството на граѓаните во севкупните општествени текови. Парлелно, дополнителна корист од понатамошниот развиток на граѓанските организации е стимулирањето на социјалната кохезија[1] и создавањето солиден општествен капитал[2]. Граѓанските организации имаат и висок економскиот потенцијал, кој се изразува преку нивната улога на работодавци, односно да ја вклучуваат во своите активности економски активната популација и со тоа да придонесуваат во намалување на проблемите на невработеноста.[3] Затоа, на Република Македонија и е од интерес да го поттикнува развојот на граѓанскиот сектор и неговото учество во креирањето на политиките како соодветен баланс и коректив во развојот на демократијата и демократските вредности, но и како конструктивен надополнувач во областите каде општествената заедница има потреба за тоа.

---

1 На „социјалната кохезија“ се гледа како на способност на општеството да овозможи севкупен напредок за сите негови сегменти и членови.

2 Под „општествен капитал“ се подразбира придобивки за индивидуални лица и општеството во целост кои произлегуваат од меѓусебните врски и комуницирање.

3 Од истражувањето направено во 35 земји утврдено е дека граѓанскиот сектор просечно вработува околу 4,4% од економски активната популација, или секој 20-ти работно активен граѓанин е вработен во граѓанскиот сектор. Извор: „Global Civil Society: An Overview”, Lester M. Salamon, the John Hopkins Comparative Nonprofit Sector Project, 2003 (www.jhu.edu/~ccss).

Свесна за важноста на демократскиот израз, ефикасноста и умешноста на граѓанските организации, Владата ја носи оваа стратегија за соработка со граѓанскиот сектор. Во неа таа ги внесува основите на нејзината соработка со граѓанските организации, а преку чинот на донесување на овој документ таа се зазема систематски да ги зајакне основните услови за побрз и поефикасен развој на овој сектор. Стратегијата го негува взаемното почитување, партнерството и транспарентноста во комуникацијата, наедно задржувајќи го принципот на независност на граѓанскиот сектор наспрема државата. Конечно, *овој документ се носи со цел да се обезбеди конкретна институционална обврска за идно негување сеопфатни и поквалитетни односи меѓу државата и граѓанскиот сектор во функција на целокупниот иден прогрес на македонското општество*.

## 1. Глобални цели на Стратегијата

Главната цел на Стратегијата е унапредување на соработката на Владата и ресорните министерства со граѓанскиот сектор. Таа треба да служи како водечка рамка за една осмислена државна политика на соработка и поддршка на граѓанскиот сектор, која ќе ги одразува приоритетите, принципите и предложените пристапи во неа. Притоа, Стратегијата овозможува соодветен простор за дефинирање конкретни политики, приоритети и модалитети, во зависност од контекстот на засегнатите страни и потребите на заедницата.

Стратегијата нуди и обезбедува рамка, механизми и политики кои ќе:

- ја зацврстат и унапредат соработката на Владата со здруженијата на граѓани и фондациите, преку градење на сопствена култура на соработка со граѓанскиот сектор;
- ја оспособат државната администрација преку конкретни насоки да ја препознае улогата на граѓанскиот сектор и да развива партнерство со него;
- овозможат поголема вклученост и влијание на граѓаните преку нивните здруженија и фондации при институционалното одлучување на централно ниво и креирањето на политиките преку користењето на нивните искуства во донесувањето на одлуките;
- ги подобрат условите за понатамошно јакнење и развој на здруженијата на граѓани и фондации преку креирање поволно нормативно и системско-институционално опкружување[4];
- ги подобрат системските услови за обезбедување одржлив развој[5] на граѓанскиот сектор;

4 Се мисли на „enabling environment"

5 Како одржлив развој на граѓанскиот (невладин) сектор генерално се смета способноста (капацитетот) на граѓанските организации да се преструктуираат и да се адаптираат според општествените потреби, да излезат во пресрет на јавните приоритети и да ги привлечат потребните ресурси за спроведување на тие цели. Исто така, одржливиот развој се подразбира и во поспецифична смисла, како концепт што го нагласува балансот меѓу интересот за економски раст и заштитата на човековата околина, бидејќи ја нагласува важноста на меѓугенерацискиот трансфер, заштитата на ресурси кои не можат да се обноват и разноликоста на лабаво диференцираните принципи кои се однесуваат на одговорноста и отчетноста на креаторите на политиката. „Oxford Dictionary of Politics 2003"

- создадат нормативни и институционални претпоставки за реализација на стандардите на Европската Унија во оваа област;
- го подобрат пристапот до информациите од јавен карактер;
- го земат предвид достигнатиот степен на развој на граѓанскиот сектор во Република Македонија, како и политиките, меѓународните документи и стратегии, споредбените искуства и најдобрите практики од европските земји при идното осмислување на домашните приоритети.

Унапредувањето на соработката меѓу Владата и граѓанскиот сектор преку градењето на меѓусебниот партнерски однос претставува одраз на почитувањето на високите вредности и можности на граѓанскиот сектор и нагласување на нивниот значаен придонес во заедничките напори за задоволување на интересите и потребите на граѓаните. Стратегијата за соработка е неопходен чекор, содржан и во Акцискиот план за европско партнерство и во Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија, чие спроведување се очекува да придонесе кон зголемување на транспарентноста во работењето на државната управа и истовремено ќе овозможи корективна улога на граѓаните врз работата на јавната администрација.

## 2. Нормативна рамка за дејствување

Определбите утврдени во Стратегијата се засноваат и промовираат врз база на правата утврдени во:

- Универзалната декларација за човековите права;
- Меѓународната повелба за граѓанските и политичките права;
- Европската конвенција за човековите права и слободи и нејзините протоколи;
- Уставот на Република Македонија;
- Законот за здруженија на граѓани и фондации;
- Други позитивни законски прописи кои се однесуваат на граѓанскиот сектор.

## 3. Временска рамка за остварување на Стратегијата

Оваа стратегија е од *среднорочен* карактер, што значи дека задача е планираните цели да се реализираат во наредниот петгодишен период (2007-2011).

## 4. Субјекти за реализација на Стратегијата

Како *активни* актери, кои директно ќе се залагаат за реализација на прокламираните принципи и задачи наведени во овој стратешки документ, се сметаат:

1. Одделението за соработка со невладините организации при Генералниот секретаријат на Владата;
2. Ресорните министерства и органи во состав според областа на дејствување;
3. Граѓанските организации.

Иницијативата[6] за формирање на *Одделението за соработка со невладините организации*[7], која Владата ја усвои во ноември 2004 година, експлицитно ја искажува волјата на Владата на Република Македонија да изгради односи на доверба и соработка помеѓу неа и граѓанскиот сектор. Со оваа иницијатива Владата ја почитува вредноста на активностите на граѓанскиот сектор и ја истакнува потребата да се развие специфична програма за соработка, за разлика оддосега кога релацијата „немала карактеристика на постојан однос". Во функција на наведените определби, Одделението за соработка со невладините организации има задача да ги реализира следните активности:

- Изработка на Програма и Стратегија за соработка на Владата на Република Македонија со граѓанскиот сектор, која ќе се заснова на заедничките вредности на модерната демократија и вредностите на граѓанските иницијативи кои се втемелени во општествените промени, соработката, солидарноста, транспарентноста, личната моќ и одговорност, учество во одлучувањето, почитувањето на личноста, самоорганизирањето, трајното учење, а ќе биде насочена кон создавање на механизми кои ќе ги унапредат односите помеѓу Владата и граѓанскиот сектор;
- Изработка на преглед на законската регулатива, негово постојано ажурирање, како и покренување иницијативи кај Владата и соодветните ресорни министерства за предлагање нови законски решенија за работа на граѓанскиот сектор во Македонија која ќе го поттикнува развојот на филантропијата, волонтеризмот и цивилното општество како темел за изградба на демократско, социјално и солидарно општество во целина;
- Следење на меѓународната законската регулатива во поединечни земји со која се овозможува развој на граѓанското општество и вршење на компаративни анализи со коишто ќе се предлагаат измени во законската рамка на Македонија согласно стандардите на Европската Унија;
- Посредување во соработката на министерствата и другите органи на државната управа со граѓанскиот сектор, како и следење и унапредување на соработката со граѓанскиот сектор во Република Македонија;

---

6 Иницијатива за формирање на Одделението за соработка на Владата со невладиниот сектор во Република Македонија, ноември 2004 година.

7 Одделението функционира во Секторот за анализа на политиките и координацијата при Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија (во понатамошниот текст Одделение за соработка со невладините организации).

- Согласно законските решенија, активно учество во соработката со надлежните министерства (носители на законодавните проекти) во организацијата на јавните дебати по одделни нацрт законски решенија, проекти, иницијативи, односно анимирање на граѓанскиот сектор што ќе и овозможи на Владата да изврши пренесување на дел од своите досегашни работи на организациите од граѓанскиот сектор;
- Предвидување на финансиски средства од Буџетот на Република Македонија за делумно финансирање проекти од јавен интерес, кои ќе бидат имплементирани од страна на граѓанскиот сектор што ќе и овозможи на Владата да изврши пренесување на дел од своите досегашни работи на организациите од граѓанскиот сектор;
- Обезбедување на едукација/обуки на државните службеници и претставниците од локалната самоуправа со која ќе им се дадат основни знаења и вештини кои ќе им бидат потребни за воспоставување транспарентни и одговорни партнерски односи со претставниците на граѓанскиот сектор;
- Воспоставување на мрежа за континуирано и навремено информирање на граѓанскиот сектор за сите активности на национално и на локално ниво (изработка на билтен, веб страница на одделението, панел дискусии, консултации и сл.);
- Организирање на регионални конференции и слични настани за размена на искуства со другите земји-кандидатки за членство во ЕУ, како и со оние кои од неодамна станаа земји-членки, за формите на соработка на нивните влади со граѓанскиот сектор, воедно и учество на такви настани организирани од други земји.

Според Правилникот за внатрешната организација на Генералниот секретаријат на Владата, Одделението за соработка со невладините организации во рамките на Секторот за анализа на политиките и координација е надлежно за извршување на следните работи и задачи:

- Изработка на предлог-стратегија и програма за соработка на Владата со граѓанските организации;
- Остварување соработка со организациите и институциите од граѓанскиот сектор;
- Изработување преглед на законска регулатива и постојано ажурирање, покренување иницијативи пред Владата и соодветните ресорни министерства за предлагање нови законски решенија за работа на граѓанскиот сектор;
- Следење на меѓународната законска регулатива и вршење споредбени анализи од областа на граѓанскиот сектор;
- Предвидување финансиски средства за делумно финансирање на проекти од јавен интерес;
- Грижа за поцелосно остварување на интересите на граѓаните при градењето на политиките на Владата;
- Посредување во соработката на министерствата и другите органи на државната управа со граѓанскиот сектор;
- Вршење и други работи од надлежност на Одделението за соработка со невладините организации/секторот.

Во функција на што поквалитетен одговор на поставените задачи, вработените во Одделението за соработка со невладините организации се обучуваат и ги градат своите капацитети врз основа на претходно подготвен предлог-план. Во тој контекст се изработени и мерки за видливост на Одделението за соработка со невладините организации, како и насоки за комуникација со претставниците на граѓанското општество, како метод на промоција на јавната доверба меѓу актерите. Видливоста ќе цели како кон граѓанскиот сектор, така и кон државните институции, медиумите и општата јавност. Притоа, основни водечки принципи се: отвореност, принципиелност, присутност на теренот и редовна комуникација[8].

Стратегијата има обврзувачки карактер за Владата и органите на државната управа, но оваа стратегија не е во состојба да наметне обврзувачко дејствување и соработка на локалната самоуправа и деловниот сектор со граѓанскиот сектор. Сепак се очекува дека амбиентот и условите, кои развојно-квалитетно ќе се унапредат меѓу горенаведените основни актери на Стратегијата, на *посреден* начин ќе предизвикаат и поголемо мотивирање за учество и на другите општествени сегменти, без кои целокупниот развој би бил парцијален и ограничен. Факт е дека целосното заокружување на интересното поврзување и сеопфатниот општествен напредок никако не би биле сериозни и успешни ако не се вклучат и *локалната самоуправа* (како главна база за комуникација со граѓаните) и *деловниот сектор* (како иден фактор кој ќе ја увиди подолгорочната корисност на граѓанскиот сектор и за сопствени потреби, развивајќи социјално одговорен деловен сектор). Поаѓајќи од ова, овој Владин документ треба да се практикува и применува од сите субјекти кои се дел од ваквите партнерски односи.

8 Изразени преку креирање веб-страница, издавање промотивни материјали, информативно гласило, организирање состаноци, тркалезни маси, јавни расправи, работилници, конференции, семинари, прес-конференции и соопштенија, како и брифинзи.

# II ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: ГЕНЕРАЛЕН ПРЕГЛЕД



## 1. Поим на граѓанскиот сектор

Граѓанскиот сектор се појавува по буржоаските револуции низ светот, односно со воведувањето на новото општествено-економско уредување, каде што граѓанинот - човекот е центарот и основата (столбот) на општествениот систем. Како резулат на разликите во потенцирањето одреден аспект од делокругот на работа, за граѓанскиот сектор и за граѓанските организации се употребуваат различни термини, како: непрофитен сектор (САД), добротворен сектор и волонтерски сектор (Велика Британија), невладин сектор, трет сектор и сл.

Бројни теоретичари, институции и организации во светски рамки даваат различни дефиниции за поимот и составот на граѓанскиот сектор, посочувајќи некои карактеристики кои се заеднички или, пак, се наведуваат минималните критериуми кои треба да бидат исполнети. Од многубројните расположливи дефиниции сепак постојат неколку основни карактеристики кои се најчесто присутни, и тоа: граѓаните соработуваат меѓусебно и со властите за прашања од јавен и личен интерес; активностите се однесуваат претежно на јавниот живот, не навлегувајќи директно во приватните (семејни) активности, државата или деловниот сектор; областа функционира во рамките на владеење на правото; се работи за група на „посреднички“ организации позиционирани меѓу државата и семејството кои вклучуваат доброволни организации и други корпоративни тела.

Општо прифатена правна дефиниција за граѓански организации не постои, меѓутоа, според разбирањето на Организацијата на Обединетите нации (ООН), граѓанските организации се: *„Непрофитни, волонтерски граѓански групи кои се организирани на локално, национално и меѓународно ниво со цел да покренуваат прашања од јавен интерес. Целно ориентирани и создадени од луѓе со заеднички интереси, тие извршуваат различни услуги и хуманитарни функции, ги застапуваат потребите на граѓаните пред владите, ги следат политиките и спроведувањето на програмите и го поддржуваат учеството на граѓанскиот сектор на ниво на заедницата“*[9]. Од своја страна, пак, Цивикус го дефинира граѓанското општество како простор меѓу семејството, државата и

9 Извор: Обединети нации, Канцеларија за соработка со граѓанските организации, Одделение за односи со јавноста.

пазарот, каде луѓето се здружуваат за да ги остварат своите интереси од што се гледа дека дефиницијата цели да ги вклучи како формалните, така и неформалните здружувања и мрежи[10].

Кон овие основни дефиниции се придружува и дефиницијата прифатена од страна на учесниците во „Индексот на граѓанското општество“ во Република Македонија, изготвен во 2005 година. Според него, во граѓанското општество спаѓаат „*сите формални и неформални граѓански здруженија, организации и мрежи кои го исполнуваат општествениот простор меѓу семејството, деловниот сектор, политичките партии и владиниот сектор, а кои се здружуваат заради остварување заеднички цели и интереси*“.[11]

Ако се земе предвид на кој начин граѓанското општество се дефинира според Законот за здруженија на граѓани и фондации од 1998 година, евидентно е дека граѓанските организации[12] се основаат врз основа на вредности и интереси, кои се позитивни, непартиски и непрофитни активности. Исто така, Законот определува дека се забранети организациите кои повикуваат на расна, верска, национална омраза, нетрпеливост и насилство; граѓанскиот сектор се издвојува како различен од политичките партии (тој е непартиски); овој закон се оградува од, или поточно не ги уредува синдикатите, стопанските комори, политичките партии, црквите и верските заедници за кои има посебни закони.

Бидејќи се јавува потреба во Стратегијата да се определи опсегот на дејствување, како и партнерите со кои ќе се реализира овој документ, земајќи ја предвид легалната поставеност на нештата, може да се прифати идејата за поширока и потесна дефиниција на терминот „граѓанска организација и граѓанско општество“. Поширокиот пристап за овој термин ги опфаќа како „класичните“ граѓански организации кои се регистрирани според Законот за здруженија на граѓани и фондации, така и верските заедници, политичките партии, синдикатите и стопанските комори. Потесниот, пак, пристап се однесува единствено на оние организации кои се регистрирани според Законот за здруженија на граѓани и фондации и се непрофитни, непартиски и се основаат за остварување и заштита на своите разнородни економски, социјални, културни и други права и уверувања, онака како што е определено во Уставот на Република Македонија.

Оваа стратегија го има предвид потесниот пристап на разбирање на граѓанските организации, па затоа понатамошната употреба на овој термин во документот ќе ги опфаќа само организациите кои имаат статус на здруженија на граѓани и фондации согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации (1998).

---

10 Цивикус, 2003. Цивикус - Светската алијанса за граѓанско учество е меѓународна граѓанска организација основана во 1993 година со седиште во Вашингтон и Јоханезбург, чија мисија е да ги зајакне граѓанската акција и граѓанското општетсво во светот. Во моментов Цивикус има 242 членки (индивидуи и граѓански организации).

11 Индексот на граѓанското општетсво по методологијата на Цивикус во Република Македонија го изготви Македонскиот центар за меѓународна соработка.

12 Треба да се напомене дека терминот „невладина организација“ е често употребуван како синоним на „граѓанска организација“.

# 2. Досегашната состојба и актуелната улога на граѓанскиот сектор во Република Македонија

Здружувањето на граѓаните во Република Македонија е присутно од крајот на 19 век и почетокот на 20 век и имало одредено влијание врз вкупниот општествен развој. Литературните и културните кругови од крајот на 19 и почетокот на 20 век, добротворните здруженија кои функционирале пред Втората светска војна и бројните секторски општествени организации (од 1945 година) ја обезбедуваа основата за појава на културни, спортски и професионални организации кои потоа беа уредени со Законот за општествени организации и здруженија на граѓани („Службен весник на СРМ" бр. 32/83 и 12/90) и Законот за здружување на граѓани во здруженија, општествени организации и политички организации што се основаат на територијата на СФРЈ („Службен лист на СФРЈ" бр. 42/90).[13] Во тој период функционирале општествени организации, асоцијации и здруженија, како што се Црвениот крст на Македонија, Организацијата на жените, Сојузот на синдикатите, Стопанската комора и различни интересни групи.

Во периодот на транзицијата голем број граѓански организации беа основани со цел да дадат одговор на тогаш актуелните општетствени потреби и да го отсликаат процесот на етапна поширока диверзификација на интересите и трендовите. Први се појавија еколошките организации кон крајот на 80-тите, потоа младинските организации и социо-хуманитарните на почетокот од 90-тите, а организациите за заштита на човековите права во средината на 90-тите. Денес во Република Македонија граѓанскиот сектор се карактеризира со голема шареноликост во поглед на застапеноста на различните сектори, како на пример животна средина, млади и деца, човекови права, родови односи, демократија и владеење на правото, културни различности и дијалог, образование, вработување и сл.

---

13 **Табела 1. Број на граѓанските организации во Македонија (УНДП, 1999; МЦМС, 2003)**

| Година | Вкупно | Спортски (%) | Културни (%) | Професионални (%) | ППЗ (%) | Други (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1954** | 1.004 | 27,6 | 10,3 | 3,7 | 55,6 | 2,2 |
| **1962** | 1.138 | 28,1 | 11,4 | 7,3 | 41,0 | 12,3 |
| **1971** | 1.535 | 30,9 | 8,4 | 6,6 | 45,3 | 8,8 |
| **1980** | 3.077 | 39,9 | 9,1 | 9,2 | 23,7 | 17,8 |
| **1990** | 4.203 | 41,3 | 11,1 | 11,8 | 14,6 | 21,1 |
| **1998** | 6.526 | 43,6 | 13,1 | 10,4 | 5,9 | 26,8 |
| **2001** | 3.433 | | | | | |
| **2003** | 5.769 | 35,4 | 10,4 | 6,7 | 1,6 | 45,9 |

Граѓанското општество се одликува со активно волонтерско учество и е различно од активностите во приватниот сектор, бидејќи пазарот на добра и идеи во кои функционира тоа не е дефиниран како приватен/личен интерес, туку како јавен интерес на заедницата. Факт е дека во последната деценија и пол граѓанското општество се развивало и се менувало. Бројот на новорегистрирани граѓански организации во периодот од 1990 до 1998 изнесувал 3.295 (УНДП, 1999). Со донесувањето на Законот за здруженија на граѓани и фондации од 1998 година, сите организации се пререгистрираа од Министерството за внатрешни работи во надлежните судови. Денес во Република Македонија бројот на регистрирани граѓански организации изнесува околу 6.000[14].

## 2.1. Области на дејствување

Водејќи се од вредностите кои ги карактеризираат здруженијата на граѓани и фондации, особено со осамостојувањето на Република Македонија, тие одиграа значајна улога во повеќе области. Посебно беше изразена нивната вклученост и придонес за време на хуманитарните кризи (босанската, косовската и конфликтот во 2001 година во Македонија). Здруженијата на граѓани и фондациите ја покажаа својата присутност и важната улога во општеството и во други области со цел да одговорат на потребите и интересите на граѓаните, како во: животната средина, правата на децата, заштитата на човековите права, развојот на демократијата и владеењето на правото, образованието, сиромаштијата, малцинските права, јакнење тона граѓанското учество во општествените процеси, информирањето и образованието на граѓаните, јакнењето на капацитетите за колективна акција и разрешувањето заеднички локални проблеми, зголемувањето на учеството на младите во општествениот процес, социјалната инклузија на маргинализираните групи, јакнењето на позицијата на жената во општеството, придонесот во подобрување на социјалните услови, развојните иницијативи и сл.

## 2.2. Карактеристики на граѓанскиот сектор

Анализата на граѓанскиот сектор во рамките на Индексот на граѓанското општество по методологијата на Цивикус покажува дека граѓанското општество во Македонија е умерено добро развиено. Практиката и промовирањето на позитивните вредности се неговите јаки страни, па оттука ја создаваат основата за неговите достигнувања и влијание. Околината (опкружувањето) е до одреден степен ограничувачка, со длабок недостаток на јавна доверба и јавен дух. Ова од своја страна негативно влијае на структурата на граѓанското општество, кое може да се опише како умерено во големина и небалансирано во својот состав.

---

14 Во 2003 г., според Индексот на граѓанското општество на ЦИВИКУС, нивниот вкупен број бил 5.769 (35,4% за спорт, 10,4% за култура, 6,7% за професионални, 1,6% за доброволни противпожарни, 45,9% за други).

Денес здруженијата на граѓани и фондациите во Република Македонија се карактеризираат со неколку *позитивни обележја*:[15]

- Постои голема репрезентативност во однос на социјалните групи кои се претставени во граѓанскиот сектор;
- Граѓанскиот сектор е организиран со инфраструктура за поддршка и со значително ниво на меѓусебно организациско вмрежување;
- Меѓу организациите се негува висока свест за мир, родова еднаквост и одржлива животна средина;
- Организациите покажуваат изразена динамика во меѓусебната комуникација, координација и соработка;
- Долгорочно гледано, заложбите на граѓанскиот сектор резултираат со постигнувања во зајакнување на човечкиот капитал.

Од друга страна, кај нив, исто така, присутни се определени *слабости*, кои се изразуваат преку:

- Постоење урбано-рурален јаз, односно отсуство на граѓанскиот сектор во руралните средини и висока концентрација во урбаните средини;
- Ограничена саморегулација во рамките на самиот граѓански сектор;
- Помал степен на внатрешна демократија, постепено подобрување на внатрешната демократија во организациите;
- Несоодветни досегашни напори по обем за искоренување на сиромаштијата;
- Постоење мал број „големи“ граѓански организации со добро развиена внатрешна структура;
- Недоволна транспарентност во работењето на граѓанските организации, посебно во финансискиот домен;
- Несоодветни и недоволни финасиски ресурси за постигнување на целите, како и голема зависност од странски извори на поддршка што е долгорочно неповолен тренд;
- Ад-хок или обострано рамнодушни односи со другите чинители во општеството, посебно со деловниот сектор.

## 2.3. Учество во креирањето на политиките

Активностите за застапување и лобирање пред органите на државната власт се помалку присутни кај граѓанскиот сектор, како поради неговата пасивност, така и поради недоволната институционализираност на механизмите за учество. Сепак, во последните години здруженијата на граѓани и фондациите се покажуваат како успешни во процесите на влијаење на креирање на јавните политики во соработка со институциите на државата,

15 Извор: Индекс на граѓанското општество, 2005

особено во случаи кога се третираат прашања врзани за одредена група, како жени, Роми, лица со посебни потреби, заштита на животната средина, пензионери, социјална заштита и сл.

Соработката меѓу државата и граѓанскиот сектор исто така се практикува и при подготовката на закони или национални стратегии по одредени прашања или во случај на итни (хуманитарни) активности. Основата за ваквата соработка, меѓу другото, се наоѓа и во Законот за организација и работа на органите на државната управа, во членот 10, став 1 точка 3 („Службен весник на РМ“ бр. 98/2000 и 44/2002), кој определува дека државните органи при подготвувањето на законите и другите прописи од своите надлежности прибираат мислења од здруженијата на граѓани и од други правни лица.

На иницијатива на граѓанските организации се подготвени предлог-измени или се донесени повеќе закони или измени на одредени закони, како на пример: предлог-измените и дополнувањата на Законот за здруженија на граѓани и фондации; измени и дополнувања на Законот за социјална заштита и на Законот за семејството; Законот за државјанство на Република Македонија; Законот за азил; предлог-законски решенија кои се однесуваат на заштита на децата, како и на лицата со хендикеп; предлог-законот за судир на интереси; Законот за заштита на сведоците, Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер; Закон за донации и спонзорства во јавните дејности и други.

Понатаму, повеќе стратегии од различни области се подготвени со значителна вклученост на граѓанскиот сектор. Таков е случајот со Националната стратегија за образование (2006); Националната стратегија за информатичко општество (2005); Националната стратегија за сиромаштијата (2002); Националната стратегија за младите (2004); Стратегијата за Ромите (2004); Националниот извештај за одржлив развој (2002); Националната стратегија за ХИВ/СИДА (2003-2006); Националната стратегија за контрола на дрогите (2007-2012) и други.

Значителна соработка меѓу властите и граѓанскиот сектор веќе постои и на локално ниво. Соработката на единиците на локалната самоуправа со здруженијата на граѓани и фондациите, како локални така и национални, е одраз на заедничката вклученост за решавање на локалните проблеми. Дел од општините имаат вработено државни службеници одговорни за соработка со здруженијата на граѓани и фондациите, а има случаи и на наменување помали средства за определени проекти.

## 2.4. Постојна правна рамка

Основните гаранции за дејствување на здруженијата на граѓани и фондациите се утврдени со Уставот на Република Македонија и со Законот за здруженија на граѓани и фондации.

а) Согласно член 20 од Уставот на Република Македонија, на граѓаните им се гарантира слобода на здружување заради остварување и заштита на нивните економски, социјални, културни и други права и уверувања, односно граѓаните можат слободно да основаат здруженија на граѓани, да пристапуваат кон нив и од нив да истапуваат. Уставот ја ограничува можноста програмите и дејствувањето на здруженијата на граѓани да бидат насочени кон насилно уривање на уставниот поредок на Републиката и кон поттикнување или повикување на воена агресија или разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост. Исто така, Уставот забранува воени или полувоени здруженија што не им припаѓаат на вооружените сили на Република Македонија.

б) Законот за здруженија на граѓани и фондации во 1998 година („Службен весник на РМ“ бр. 31/98) е донесен како потреба на новиот демократски политички систем. Согласно овој закон, граѓаните можат слободно да здружуваат средства или самите да се здружуваат заради исполнување економски, социјални, културни, спортски, научни, стручни, технички, хуманитарни, образовни и други права и уверувања. Со овој закон се поттикнува развојот на граѓанскиот сектор, се уредуваат начинот, постапката и условите за нивно основање, регистрација, работење и престанок.

Според содржината на Законот, граѓаните можат да се здружуваат, т.е. да основаат здруженија на граѓани и фондации. Овие организации се двете основни форми на непрофитни организации, чие постоење се поврзува со здружувањето на луѓе (во здруженија), или на средства (во фондации) исклучиво за остварување на статутарно-одредените цели, права, интереси и верувања.

Со Законот за здруженија на граѓани и фондации е утврдено дека здруженијата на граѓани и фондациите не смеат да извршуваат политички активности или да ги користат своите средства и фондови за реализација на целите на политичките партии и со директно учество во изборната кампања или собирање средства за изборна кампања или финансирање политичка партија (член 3). Исто така, здруженијата на граѓани и фондациите, односно нивните програми и дејствување не можат да бидат насочени кон: насилно уривање на уставниот поредок на ржавата; поттикнување или повикување на воена агресија и разгорување национална, расна или верска омраза или нетрпеливост (член 4).

Примената на овој закон во последните осум години покажа дека постојат одредени недостатоци и новонастанати потреби на секторот кој перманентно зрее и се развива, кои ја наметнаа потребата истиот да се подобри. Во таа насока, во постапка на донесување се измени и дополнувања на овој закон, со цел неговите одредби

да се хармонизираат со практиките и регулативите усвоени на европско ниво, со цел да се обезбеди поповолна средина за дејствување на граѓанските организации. Клучните промени се однесуваат на можноста за формирање здруженија на граѓани од страна на правни лица, овозможување за вршење стопански активности[16] и воведување статус на организации од јавен интерес[17].

в) Поттикнувањето на развојот на институциите на граѓанскиот сектор врши директно и Владата на Република Македонија, согласно членот 8 став 1 точка 10 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.59/00, 12/03, 55/05 и 37/06). Во рамките на политиката на Владата за континуирана и ефективна соработка со граѓанскиот сектор и институционализирање на соработката, во декември 2004 година во Генералниот секретаријат - Сектор за анализа на политиките и координацијата, формирано е Одделението за соработка со невладините организации. За развојот на ова одделение обезбедена е техничка поддршка преку програмата КАРДС.

## 2.5. Финансирање

Во периодот од осамостојувањето на Република Македонија до денес постои извесна финансиска поддршка од страна на државата на граѓанскиот сектор. По својата природа, а особено поради законските прописи, финансирањето се врши на начин кој во иднина треба да се допрецизира. Во таа смисла особено се значајни транспарентноста и достапноста под определени однапред нормирани услови и процедури на средствата за сите граѓански организации, јасноста во дефинирањето на принципите и критериумите, утврдувањето на приоритетите од јавен интерес, идентификување на стратегиите и условите на различни донатори и анализа на нивните трендовски приоритети во финансирањето, како и ефикасното следење на начинот на користењето на јавните ресурси од страна на здруженијата на граѓани и фондации.

### БУЏЕТСКО ФИНАСИРАЊЕ

Законските прописи утврдуваат можност здруженијата на граѓани и фондациите да добиваат средства од државата, во пропишана и утврдена постапка. Владата на Република Македонија во моментов ги финансира здруженијата на граѓани и фондациите од неколку извори:

---

16 Средствата од стопански дејности на меѓународно ниво се препознати како најважен извор за финансиска одржливост на ГО и изнесуваат 53% од целокупниот приход на граѓанскиот сектор, во споредба со 35% од државно финансирање и 12% филантропија. Извор: „Global Civil Society: An Overview”, Lester M. Salamon, the John Hopkins Comparative Nonprofit Sector Project, 2003 (www.jhu.edu/~ccss).

17 Бидејќи граѓанските организации остваруваат и активности и услуги кои се од јавна корист (интерес), а кои во спротивно државата би имала обврска да ги обезбедува, потребно е на таквите организации да им се овозможи тие непречено да функционираат со цел да се обезбеди долгорочен континуитет на таа активност. Во оваа смисла државата ќе оствари делумна или целосна замена на одредени јавни функции или компетенции на јавниот сектор преку моменталите или идните придонеси на секторот за општо добро.

а) Владата секоја година доделува средства од буџетот согласно Одлуката за критериумите и постапката за распределба на финансиски средства на здруженијата на граѓани и фондациите од буџетот на Република Македонија („Службен весник на РМ“ број 60/2000). Притоа, Министерството за финансии објавува јавен повик во дневниот печат за прибирање барања за распределба на средствата од буџетот наменети за финансирање на здруженија на граѓани, додека Комисијата на Владата ги одредува организациите кои ќе ги добијат тие средства. Списокот на селектираните граѓански организации и направената распределба се објавуваат во „Службен весник на Република Македонија“.[18] Постапката за доделување средства се прави по однапред одредени критериуми и е ограничена на одредена група дејности. Со оглед на тоа дека денеска здруженијата и фондациите се активни во поширок круг на дејности кои државата има интерес да ги поддржи, се јавува потребата овие критериуми и процесот на доделување средства да се подобрат. Исто така, забележана е потреба да се обезбеди поголема отчетност во трошењето средства од страна на организациите со цел да се утврди дека тие се искористени за намената за којашто се доделени.

б) Средства се распределуваат и преку буџетите на министерствата и другите институции на Владата. На пример, Агенцијата за млади и спорт издвојува средства наменети за поддршка на проекти на граѓански организации. Новини во начинот на финансирање на граѓанските организации предвидува и новиот Закон за социјална заштита („Службен весник на РМ“ број 21/06). Давањето сервисни услуги од страна на граѓанскиот сектор почнува да се практикува преку новата релација базирана на „договори“ или „договори за обезбедување услуги“. Првите примери се појавија во 2001 година кога одделни граѓански организации во име на Министерството за труд и социјална политика прифатија раселени лица во нивните колективни центри. Овие поинструментални пристапи кон граѓанското општество ќе бидат базирани на се поголемиот број финансии обезбедени преку испораката на услуги дефинирана во договори, поставените критериуми и клучните индикатори за учинок. Актуелно, врз основа на донесената законска регулатива, веќе се одвива процесот на регистрирање граѓански организации кои сакаат професионално да дејствуваат во социјалната сфера и на кои за давањето на своите услуги ќе добиваат буџетски средства.

18

Висина на средства и број на организации финансирани според Одлуката за критериумите и постапката за распределба на финансиски средства на здруженијата на граѓани и фондации од буџетот на Република Македонија (во 1.000 мкд)

| | 1994 | 1995 | 1996 | 1997 | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Издвоени средства** | 14.400 | 24.000 | 24.980 | 21.050 | 19.100 | 16.810 | 9.700 | 10.250 | 9.450 | 9.870 | 14.920 | 14.900 |
| **Број на организации корисници** | 14 | 20 | 23 | 35 | 21 | 37 | 40 | 90 | 86 | 106 | 80 | 107 |

в) Владата доделува средства и врз основа на Законот за игри на среќа и забавни игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/97, 54/97 13/2001 и 2/2002), при што секоја година носи одлука за распределување на приходите од игрите на среќа и од забавните игри, со кои се поддржуваат со законот определени здруженија од областа на спортот, Заедницата на инвалидските организации на Република Македонија и Црвениот крст на Република Македонија. Игрите на среќа се значаен извор на поддршка на граѓанските организации во земјите од регионот. Поради тоа, постои потреба на база на споредбени искуства и согласно домашните услови да се разгледа можноста да се измени одлуката со цел да се прошири кругот на организации и да се дефинираат активностите за кои државата смета дека треба да помогне.

г) Секретаријатот за европски прашања во соработка со ГТЗ на годишно ниво и врз основа на објавен јавен повик и утврдени критериуми доделува финансиски средства за граѓанските организации чии активности се насочени кон промоција на процесот на европска интеграција.

Во рамките на финансискиот инструмент КАРДС на ЕУ во изминатите години (2002-2004), Владата на Република Македонија за структурни реформи, владеење на правото и демократизација на општеството како подобрување на меѓуетничките односи, намени средства за поддршка на граѓанскиот сектор преку повеќе проекти.[19]

---

19

| Име на проектот | Буџет во евра | Период на спроведување | Спроведувач/целна група |
|---|---|---|---|
| **КАРДС 2002** | | | |
| Отварање на 8 ресурсни центри за развој на НВО во економски неразвиени подрачја | 1.800.000 | 2004-2006 | Фондација Институт отворено општество Македонија/граѓански организации во Македонија-формирани се 8 центри во Струмица, Неготино, Гевгелија, Делчево, Кратово, Струга, Ресен и Дебар |
| НВО Саемот - Форум на граѓанското општество во Македонија | 50.000 | 2002-2003 | Македонски центар за меѓународна соработка/граѓански организации во Македонија |
| Промоција на меѓуетничките односи | 1.200.000 | | 5 граѓански организации |
| Промоција на меѓуетничките односи | | | 9 средни и 11 основни училишта |
| **КАРДС 2003** | | | |
| Градење на капациеттите на граѓанските организации | 1.200.000 | 2005-2007 | Дански совет за беглаци/граѓански органзиации во Македонија |
| Техничка помош за кампањата за толеранција за млади | 900.000 | 2004-2006 | Британски совет/ Влада на Република Македонија и младински граѓански организации |

## ДАНОЧНА ПОЛИТИКА, ПОТТИКНУВАЊЕ НА ФИЛАНТРОПИЈАТА И ВОЛОНТЕРСТВОТО

Државата финансиски му помага на граѓанскиот сектор не само преку директно издвојување средства во буџетот, туку и преку соодветна даночна политика. Во таа насока, сегашните даночни закони предвидуваат одредени решенија со цел да ја поттикнат работата на здруженијата на граѓани и фондациите. Така, на пример, Законот за донации и спонзорства во јавните дејности („Службен весник на РМ" број 47/06) предвидува даночни олеснувања за физичките лица и деловните субјекти за донациите и спонзорствата што ги даваат на граѓанските организации од јавен интерес. Исто така, согласно Законот за данокот на додадена вредност се ослободени од оданочување при увоз добрата дадени од странски донатори на домашни граѓански организации. Овие позитивни трендови ја наметнуваат потребата да се разгледа постојната даночна рамка и да се утврдат нови насоки согласно регулативите на Европската Унија, регионалното позитивно искуство и домашните услови, со цел да се обезбедат услови за подобро дејствување на граѓанските организации. Во таа насока и Европската Унија во *извештаите за стабилизација и асоцијација на Македонија за 2002, 2003 и 2004* година даваше оценка дека финансирањето на организациите е кревко, дека нема одредби за даночниот третман и поттикнувањата за здруженијата на граѓани и фондациите и дека законската рамка треба подобро да го промовира нивниот развој.

Исто така, Владата во неколку наврати го истакна волонтирањето како значаен сегмент на општеството бидејќи овозможува граѓаните директно да придонесат во развојот на заедницата. Граѓанските организации во Република Македонија и во регионот сè повеќе се потпираат на волонтерите во спроведување на нивните активности, а државите во Европската Унија веќе донесоа закони со цел да го поттикнат волонтерството и да овозможат мобилност на волонтерите низ регионот. Во оваа насока и Владата во „Одговорите на Прашалникот на Европската комисија за подготовка на мислење за барањето на Република Македонија за членство во Европската Унија" истакна дека „*Волонтерството не е третирано со посебен закон во моментов. Престојот на волонтерите од Европската Унија и земјите-кандидати е регулиран според Законот за престој и движење на странци („Службен весник на РМ" бр. 36/92, 26/93 и 45/02). Донесувањето на Законот е предвидено и со Националната стратегија за млади на Република Македонија, донесена во декември 2004 година од Владата на Република Македонија.*"

По повод иницијативата на Секретаријатот за европски прашања, во октомври 2006 година, Владата ги задолжи надлежните министерства да пристапат кон подготовка на Закон за волонтерство и Стратегија за промовирање и развој на волонтерството.

# 3. Учество на граѓанскиот сектор во процесот на европската интеграција

Европската интеграција на Република Македонија е врвен приоритет кој хоризонтално ги врзува сите секторски реформи. Во Националната стратегија за интеграција на Република Македонија во Европската Унија потенцирана е потребата од изградба на јавна администрација која ќе биде способна да го понесе товарот на интеграцијата во Европската Унија и обврските што произлегуваат од членството. Токму тука, децидно е истакнато дека една од целите на реформата на јавната администрација е заштитата на правата на граѓаните, транспарентноста и односот со граѓанскиот сектор. Јасно е дека унапредувањето на взаемните релации ќе придонесе за побрза трансформација на македонското општество согласно новите барани стандарди. Граѓанските организации се дел од целните групи според активноста во процесот на приближување кон ЕУ и согласно Стратегијата за обука на службеници на државната администрација во Република Македонија во процесот на приближување кон Европската Унија.

Од своја страна, пак, флексибилноста и приспособливоста што ги поседува граѓанскиот сектор ќе биде во состојба конструктивно да придонесува во правец на овие напори. Истовремено граѓанскиот сектор ќе биде во состојба да го стави на располагање целото свое знаење за трансформација на поодделни области македонското општество преку директна, проектна или едукативна активност. Придобивките несомнено ќе бидат многукратни за сите вклучени страни.

# III ПРИНЦИПИ НА СОРАБОТКА



Во соработката на Владата со граѓанскиот сектор Владата ќе ги почитува принципите на взаемна доверба, партнерство, учество и консултации, транспарентност и независност и одговорност

- **Взаемна доверба**

Во развојот и спроведувањето на политиките и активностите, улогите на Владата и граѓанскиот сектор се комплементарни. Нивните заеднички цели ќе бидат најефикасно остварени доколку се утврдени и спроведени врз основа на взаемна доверба за целта што се сака да се постигне и начинот како да се направи тоа. Владата се залага таа и граѓанскиот сектор да влегуваат во заеднички односи без предрасуди и со целосно разбирање за позитивната улога што ја има секоја страна во постигнувањето на заедничките цели. Содржината на ова начело ја определуваат две компоненти: совесност и јавен интерес.

- **Партнерство**

Успешна соработка меѓу Владата и граѓанскиот сектор претпоставува партнерски однос и поделба на задачите со цел поефикасно остварување на интересите на граѓаните. Принципот на партнерство подразбира соработка на исти основи помеѓу сите страни со цел да се воспостави рамноправен дијалог и почитување различни мислења при дефинирање и спроведување на заедничките цели. Владата и граѓанскиот сектор ќе се надополнуваат во рамките на соодветни области, секаде каде Владата има потреба, а граѓанскиот сектор може да излезе во пресрет со сопствениот капацитет и знаење, и обратно.

- **Учество и консултации**

Владата овозможува вклученост на граѓанскиот сектор во креирање на политиките со цел да бидат претставени интересите и предлозите на граѓаните во процесите на одлучување и спроведување на политиките и мерките. Граѓанскиот сектор придонесува со своите капацитети и ресурси кон донесување поквалитетни решенија за доброто на заедницата. Тој ги претставува различните вредности и интереси на

граѓаните, преку него граѓаните добиваат информации и го изразуваат своето мислење за предложените мерки на Владата. Владата ќе биде отворена за дијалог со јавноста со цел да се подобри квалитетот на предложените политики и да се зајакне легитимноста на владината политика.

- **Транспарентност (јавност)**

Активностите кои се преземаат од страна на Владата и граѓанскиот сектор, во однос на програмите и плановите кои се неопходни за развој на заедничките цели, ќе бидат отворени и споделувани меѓу двете страни и кон јавноста. Владата ќе стави посебен фокус на овој принцип во однос на пристапот до информации, учеството во креирањето на јавната политика, и распределбата на средства.

- **Независност**

Граѓанскиот сектор е слободен и независен во поставувањето на своите цели, донесувањето на одлуките и планирањето на своите активности. Владата ги почитува специфичностите што го карактеризираат секторот, особено важноста на неговата независност во претставувањето на интересите на граѓаните, спроведувањето на активностите за кои е добиена финансиска поддршка од Владата и учеството во креирање на политиките.

- **Одговорност**

Владата и граѓанскиот сектор се взаемно одговорни пред јавноста и граѓаните во спроведувањето на заедничките активности. Овој принцип, пред сѐ, се изразува низ залагањето на Владата и граѓанскиот сектор да ги земаат предвид изразените мислења на граѓаните при одредување на приоритетите и подготвување и спроведување на политиките. Владата и граѓанскиот сектор се обврзуваат да се водат од принципот на взаемна одговорност и при распределбата и користењето на средствата од владини извори.

# IV СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ



Владата има за цел да ја зацврсти и унапреди соработката со граѓанскиот сектор и да создаде поповолна средина за негово дејствување за да овозможи заеднички придонес во решавање на потребите на заедницата и да обезбеди услови секторот да ја исполни својата важна социјална улога.

Со Стратегијата за соработка со граѓанскиот сектор, преку меѓусебно поврзани стратешки цели кои ја поддржуваат соработката и равојот на граѓанскиот сектор, ќе се дефинираат насоките за:

- Надградување на правната рамка;
- Учеството на граѓанскиот сектор во креирањето на политиките;
- Остварување меѓуинституционална соработка;
- Остварување меѓусекторска соработка;
- Вклученост на граѓанскиот сектор во процесот на интеграција во Европската Унија;
- Создавање поповолни услови за финансиска одржливост на граѓанскиот сектор;
- Постојан развој на граѓанскиот сектор.

## 4.1. Надградување на правната рамка

Владата има за цел да предложи надградба на правната рамка која се однесува на граѓанските организации во Република Македонија за да се обезбедат подобри услови за основање и функционирање на граѓанските организации и да се усогласи со најдобрите европски практики и прописи. Подобра правна рамка ќе даде можност секој да има право да се здружува и учествува во управувањето на граѓанските организации. Владата ќе ги подобри условите граѓанските организации директно да се занимаваат со стопански дејности, со што ќе ги зголеми можностите граѓанските организации да се здобијат со средства од сопствени извори за остварување на статутарните активности и покривање на трошоците за работење.

Владата ќе ја зајакне улогата на граѓанските организации кои вршат активности од јавен интерес и ќе создаде основа за нивна одржливост. За оваа цел, Владата ќе воведе посебен статус за овие организации преку кој

ќе создаде основа за давање даночни бенефиции и други видови поддршка од страна на државата преку објективен, одговорен и транспарентен механизам. Истовремено, преку овој статус ќе се воспостави поголема одговорност во работењето на граѓанските организации.

Со цел да се обезбеди поефикасно спроведување на законските решенија, Владата ќе поддржи организирање работни средби за граѓански организации и за владини службеници одговорни за спроведување на законските одредби. Размената на мислења и едукативните цели на овие семинари ќе придонесат кон конзистентна и хармонизирана примена на решенијата.

За да се постигне оваа цел, Владата ќе се заложи, во одредените рокови, да се:

- Измени и дополни Законот за здруженија на граѓани и фондации;
- Преземат мерки за ефикасно спроведување на донесените решенија преку подготовка и усвојање на подзаконските акти врз основа на анализа на споредбени и домашни решенија;
- Промовираат законските новини и можности меѓу граѓанските организации;
- Зајакнат капацитетите на владините службеници кои ќе го применуваат законот.

**Одговорни органи:** Министерство за правда, Генерален секретаријат

**Одговорна институција за следење на активностите:** Генереален секретаријат/Одделение за соработка со невладините организации

**Временска рамка:** 2007 (интензивно), 2008-2011 (континуирано следење)

## 4.2. Учество на граѓанскиот сектор во креирање на политиките

Владата има за цел да развие систем на основни начела за вклучување на граѓаните и нивните организации во процесите на донесување одлуки. Со ова, Владата ќе обезбеди гаранции дека мислењата на граѓанските организации ќе бидат разгледани и вклучени во процесите на креирање, спроведување, следење на јавните политики и дека потребите и приоритетите на граѓаните се рефлектирани во тие политики. Преку овој систем, граѓанските организации ќе учествуваат во донесување одлуки и подготовка на државни акти преку учество во јавни дискусии и поднесување мислења и ќе бидат вклучени во меѓусекторски работни групи и владини советодавни тела (како, на пример, стучните совети на Владата - Правниот и Економскиот совет и др.). Учеството во креирањето политики подразбира подобрен пристап до јавни информации и затоа Владата ќе создаде различни портали за навремено објавување на информациите и прибирање мислења.

За да се постигне оваа цел, Владата ќе се заложи, во определените рокови, да се:

- Измени Деловникот за работа на Владата со којшто ќе се утврдат начела и механизми кои ќе овозможат информирање и активно учество на претставници на граѓанските организации во донесувањето политики, закони и други одлуки и нивно активно учество во работни групи формирани за цел подготовка на тие одлуки на ниво на Влада и во органите на државната управа;
- Да овозможи предлог-законите да се достапни на јавноста преку интернет-страниците на министерствата и другите органи на државната управа;
- Подготват мерки за обезбедување на учество на претставници од граѓанскиот сектор во работата на стручните совети на Владата и други тела;
- Овозможи соработка и партиципација на граѓанските организации во процесот на подготовката на буџетот на Република Македонија.
- Информираат транспарентно и навремено граѓанските организации за основните насоки за буџетската политика и извршувањето на буџетот;
- Создаде коалиција со граѓанскиот сектор за сузбивање на корупцијата;
- Овозможи пристап на граѓанските организции до информации, како израз на демократијата и транспарентноста.

**Одговорни органи:** Генерален секретаријат и сите ресорни министерства

**Одговорна инситуција за следење на активностите:** Генерален секретаријат/Одделение за соработка со невладините организации

**Временска рамка:** 2007-2008 (интензивно), 2009-2011 (континуирано следење)

## 4.3. Остварување меѓуинституционална соработка

Владата има за цел во рамките на нејзините институции да обезбеди функционална мрежа која ќе придонесува кон олеснета комуникација и координација на активностите поврзани со развојот на граѓанскиот сектор. За оваа цел, мерките се насочени кон зацврстување на улогата на Одделението за соработка со невладините организации со што тоа поефикасно ќе ги спроведува своите активности и ќе ја координира и унапредува соработката не само помеѓу Владата и граѓанските организации, туку и меѓу другите органи на државната управа. Истовремено министерствата ќе определат лица кои ќе бидат одговорни да ја развиваат соработката помеѓу соодветно министерство и граѓанските организации, кои ќе соработуваат со другите министерства и други органи на државната управа и ќе осигураат хармонизирано спроведување на принципите на генералната политика на соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор. На овој начин размената на искуства и спроведувањето на целите на Стратегијата и правните акти ќе бидат поефикасни и покоординирани. Владата ќе ја поттикне размената на искуства со единиците на локалната

самоуправа со цел да помогне во примената на оваа стратегија. Преку координација од страна на Министерството за локална самоуправа, размената на искуства меѓу единиците на локалната самоуправа и органите на државната управа во областите опфатени со Стратегијата ќе биде подобрена.

За да се постигнат овие цели, Владата ќе се заложи, во определените рокови, да се:

- Зајакнат капацитетите на Одделението за соработка со невладините организации;
- Назначат одговорни лица за соработка со граѓанските организации во ресорните министерства;
- Развие систем за размена на информации и консултации, помеѓу Одделението за соработка со невладините организации и одговорните државни службеници со цел да се следи соработката помеѓу институциите;
- Организираат едукативни расправи и работилници за прашања значајни за секторот за одговорните лица во министерствата кои соработуваат со граѓанските организации во нивната работа.

**Одговорни органи:** Генерален секретаријат и други органи на државната управа

**Одговорна инситуција за следење на активностите:** Генерален секретаријат/Одделение за соработка со невладините организации

**Временска рамка:** 2007-2008 (интензивно) 2009-2011 (континуирано следење)

## 4.4. Остварување меѓусекторска соработка

Владата ќе промовира активна соработка меѓу граѓанските организации и владиниот сектор на централно и на локално ниво. Како резултат на координирана и функционална соработка помеѓу јавниот и приватниот сектор, во спроведувањето на мерките од јавен интерес ќе се постигне поефикасно идентификување на проблемите и задоволувањето на потребите на граѓаните и на граѓанските организации. Владата ќе се заложи да развива различни видови соработка и ќе бидат промовирани и спроведени долгорочни стратегии во дадена област, проекти за одредена цел и други активности кои се од значење за заедницата. Преку соработката на Владата со граѓанските организации, но и со нивните мрежи и платформи, граѓанските организации ќе бидат стимулирани да соработуваат, да се координираат и заеднички да настапуваат во своите активности и комуникација со Владата. Владата ќе воведе и ефикасен инструмент за подобрување на јавните услуги и борбата против бирократијата и корупцијата - *граѓански дневник*. Граѓаните и граѓанските организации ќе имаат можност да ја оценуваат работата на различни државни институции на три месеци преку пополнување едноставни формулари. Збирните резултати ќе бидат разгледувани од страна на Владата, која ќе предложи мерки за институциите во кои не се подобруваат состојбите. Резултатите од граѓанските дневници ќе бидат достапни на јавноста. Соработката помеѓу Одделението за соработка со невладините организации и граѓанските организации ќе резултира со партиципативен и заеднички процес на спроведувањето на мерките и активностите на оваа стратегија.

За да се постигнат овие цели, Владата ќе се заложи, во определените рокови, да се:

- Вклучат граѓанските организации во подготвување и спроведување проекти и активности кои се од заеднички интерес на Владата, граѓанските организации и граѓаните и да се обезбеди финансиска поддршка преку грантови или договори;
- Основаат меѓусекторски советодавни тела за разгледување и спроведување одредени проекти;
- Создадат механизми за соработка помеѓу министерствата и граѓанските организации во спроведување услуги;
- Воведе граѓански дневник како ефикасен инструмент за подобрување на јавните услуги и борбата против бирократијата и корупцијата.

**Одговорни органи:** Генерален секретаријат и други органи на државната управа

**Одговорна инситуција за следење на активностите:** Генерален секретаријат/Одделение за соработка со невладините организации

**Временска рамка:** 2007-2008 (интензивно) 2009-2011 (континуирано следење)

## 4.5. Вклученост на граѓанскиот сектор во процесот на интеграција во Европската Унија

Владата има за цел да ја поддржи и зголеми улогата и учеството на граѓанските организации во процесот на интеграција во Европската Унија. Владата ќе воведе механизми со кои ќе се воспостават гаранции за вклучување на граѓанскиот сектор преку негово консултирање во подготовката, усогласувањето, спроведувањето, следењето и оценката на политичките и правните мерки, а особено во процесот на развивање национални развојни планови, оперативни програми и други стратешки документи. Согласно Кампањата за информирање на јавноста за процесот на европска интеграција и инструментот за претпристапна помош (ИПА), Владата ќе преземе низа активности со кои ќе ги запознае граѓанските организации со можностите за искористување на ИПА. На тој начин, граѓанските организации активно ќе придонесуваат со својот капацитет, искуства, екпертиза и средства во подготовка и спроведување на стратешките документи.

За да се постигнат овие цели, Владата ќе се заложи, во определените рокови, да се:

- Воспостави механизам за консултации на граѓанските организации во подготовка, усогласување, спроведување, а особено во процесот на развивање национални развојни планови, оперативни програми и други стратешки документи;

- Донесе одлука за креирање партнерства помеѓу Владата и граѓанските организации со цел целосно вклучување на сите крајни корисници во процесот на европска интеграција и искористување на ИПА;
- Усвои Рамковната регулатива за спроведување на инструментот ИПА од страна на Владата, по нејзиното усвојување од страна на Европската комисија.
- Продолжат воспоставените практики на соработка со граѓанскиот сектор согласно Стратегијата за обука за службеници на државната администарција на Република Македонија во процесот на приближување кон Европската Унија.

**Одговорни органи:** Секретаријат за европски прашања, Генерален секретаријат

**Следење на активностите:** Генерален секретаријат/Одделние за соработка со невладините организации

**Временска рамка:** 2007-2011

## 4.6. Создавање услови за финансиска одржливост на граѓанскиот сектор

Владата ќе предложи подобрување на рамката за финансирање на граѓанските организации за да ги зацврсти основите за поддршка на граѓанските организации од домашни јавни и приватни извори (од буџетот, министерствата, лотарии и други посточки механизми), креирање поволна политика за индиректно финансирање, воведување бенефиции од данок на добивка, ДДВ, имот итн. и стимулирање на развојот на филантропијата, социјалната одговорност и волонтерството). Со тоа, граѓанските организации ќе имаат зголемени можности за пристап до средства од домашни извори за остварување активности од јавен интерес, додека приватните лица и граѓаните ќе бидат стимулирани поактивно да се вклучат во решавање на прашањата што се приоритетни во нивните заедници. Владата исто така ќе предложи подобрување на законските условите за финансиско работење на граѓанските организации со што ќе помогне кон професионализација и отчетност во работата на организациите.

Владата ќе предложи воведување систем на финансирање заснован на начелата на транспарентност, јасно дефинирани критериуми и претходно утврдени потреби и приоритети на заедницата. Со ова ќе се постават гаранции дека средствата од буџетот, лотариите и други извори ќе бидат распределувани и користени на одговорен начин и дека ќе бида насочени пред сè кон активности кои целат кон задоволување на потребите на граѓаните. Ваков систем ќе овозможи и еднакви услови за пристап до овие средства од страна на граѓанските организации. Истовремено, граѓанските организации ќе ја зголемат својата отчетност во користење на средствата и ќе се обезбеди ефикасно следење на начинот на користење на доделените средства.

Владата ќе предложи правна рамка граѓанските организации директно да вршат стопански дејности и во таа насока ќе предложи да се воведат ослободувања или намалувања од данокот на добивка за граѓанските организации, со што тие ќе имаат поголема можност да ги користат средствата од стопански дејности и други извори на самофинансирање. Владата ќе предложи воведување и други даночни бенефиции со што граѓанските организации ќе имаат поголема финансиска поддршката за спроведување на своите услуги и активности од јавен интерес. Според програмата на Владата, од 2007 година персоналниот данок на доход ќе се намали од сегашните 15% на 12%, односно 10% во 2008. Исти даночни олеснувања се однесуват и за данокот од добивка кој од сегашните 15% ке бидат намалени на 12% и 10%.

Владата има за цел да придонесе кон зголемување на нивото на средства од деловните субјекти и граѓаните за активностите на граѓанските организации. Затоа, Владата ќе поддржи програми за промоција на активности кои ќе го зголемат придонесот на деловните субјекти во развојот на заедницата и мобилизирање средства од приватни извори. Владата ќе ја следи примената на постојните даночни решенија што се однесуваат на филантропијата и ќе ја утврди потребата за натамошно унапредување со што деловните субјекти и граѓаните ќе имаат поголеми бенефиции и стимуланси за поддршка на граѓанските организации. Владата ќе ја развие соработката и со деловните субјекти за да го зголеми нивното позитивно влијание во развојот на заедницата и заеднички ќе промовираат поголема социјална одговорност.

Владата ќе создаде подобри услови и рамка за волонтирање со што ќе се зголеми граѓанската активност и учество во решавање на проблемите на заедницата преку волонтерски ангажман.

За да се постигнат овие цели, Владата ќе се заложи, во определените рокови, да се:

- Подготови и донесе нова одлука за начинот и критериумите за распределба на средства од буџетски извори;
- Измени Законот за игрите на среќа и забавните игри и донесе акт за распределба;
- Подготват предлог-измени на даночните закони (данок на добивка, ДДВ, данок на пресонален доход) и други закони кои влијаат на работата на граѓанските организации;
- Разгледаат можностите да се создаде систем за вклучување на граѓанските организации во спроведување на активностите од нивниот ресор (на пример, преку определување стандарди, доделување лиценци за давање социјални услуги) преку кои граѓаните ќе имаат поголем избор во однос на давачи на услуги, но и ќе се зголеми квалитетот на услугите;
- Направи анализа на примената на Законот за сметководство на непрофитните организации и ќе подготви измени за да се подобри правната рамка за финансиско работење;
- Подготови план за следење на примена на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности;
- Соработува со деловни субјекти и граѓански организации и да се поддржат програми за социјално одговорни деловни субјекти;
- Подготви и донесе закон за волонтерство, како и стратегија за промовирање и развој на волонтерството.

**Одговорни органи:** Министерство за финансии, Генерален секретаријат, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за правда, Министерство за економија, Агенција за млади и спорт

**Одговорна инситуција за следење на активностите:** Генерален секретаријат/Одделение за соработка со невладините организации

**Временска рамка:** 2007-2008 (интензивно), 2009-2011 (континуирано следење)

## 4.7. Постојан развој на граѓанскиот сектор

Владата има за цел да го поддржи развојот на капацитетите во граѓанските организации на национално и на локално ниво, особено во руралните средини. На тој начин ќе помогне граѓанскиот сектор да го зголеми својот придонес во развојот на заедницата и исполнување на потребите на граѓаните. Владата ќе поддржи иницијативи кои ќе резултираат со професионализација на работењето на секторот. Владата ќе поддржи мерки што ќе помогнат во зголемување на јавната доверба во граѓанските организации. На тој начин ќе помогне граѓанските организации да се вкоренат во нивните заедници, граѓаните да го препознаваат позитивното влијанието на граѓанските организации во општествените текови, да ги поддржуваат и учествуваат во нивните активности. Владата преку медиумите ќе ја промовира соработката со граѓанските организации и ќе ги истакнува резултатите од заеднички имплементираните проекти. Преку промовирање на целите и мерките на Стратегијата на локално ниво, единиците на локалната самоуправа ќе ја препознаваат важноста на соработката и развојот на локалните граѓански организации и ќе можат да усвојат слични механизми за соработка и вклучување на граѓанските организации во спроведување заеднички активности.

За да се постигнат овие цели, Владата ќе се заложи, во определените рокови, да се:

- Поттикне развојот на граѓанскиот сектор, особено надвор од главниот град и во руралните средини;
- Поддржат активности значајни за развој на секторот преку отворен и транспарентен процес на соработка со сите засегнати страни;
- Иницира соработка и вклучување на медиумите во работењето на граѓанските организации преку постојано следење на нивните активности;
- Создадат комуникациски мрежи за споделување на позитивните примери на меѓусебна соработка со единиците на локалната самоуправа.

**Одговорни органи:** Генерален секретаријат, Министерство за локална самоуправа, други органи на државната управа, граѓански организации

**Одговорна инситуција за следење на активностите:** Генерален секретаријат/Одделение за соработка со невладините организации

**Временска рамка:** 2007-2011

# V СПРОВЕДУВАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ И РЕВИЗИЈА



Стратегијата за соработка со граѓанскиот сектор е динамичен документ, а не статичен преглед на моменталната состојба. Владата и граѓанските организации ќе го следат процесот на спроведување на Стратегијата, како и нејзината ефективност, со цел да го прилагодат на моменталните потреби.

Врз основа на европските практики, Владата ќе подготви план за следење на спроведувањето на Стратегијата.

Планот ќе предвиди Генералниот секретаријат/Одделението за соработка со невладините организации да поднесуваат извештај на крајот на секоја година до Владата за извршените активности и постигнатите цели во спроведување на Стратегијата. Планот ќе предвиди, по втората година од спроведување на Стратегијата, Генералниот секретаријат/Одделението за соработка со невладините организации, да подоготват и спроведат план за оценка на спроведувањето на Стратегијата. Оценката ќе биде изведена преку консултации со претставници на граѓанските организации, владини службеници, деловни субјекти, граѓани и медиуми. Резултатите од оценката ќе содржат анализа на дотогашното спроведување, информации за постигнатите цели и препораки за измена и прилагодување на Стратегијата и на Акцискиот план кон состојбите и потребите.

Мерките за спроведување и ревизија ќе ги вклучат, меѓу другото: процесот на дистрибуција на Стратегијата на другите институции од јавниот сектор и прибирање мислења околу нејзината примена, стратегијата за комуникација и информирање за целите и постигнатите резултати и финансискиот план со цел да се одредат приоритетите и да се обезбедат средства за спроведување.

Одделението за соработка со невладините организации и Генералниот секретаријат на Владата ја имаат примарната улога во координирање и спроведување на Стратегијата. Истите се надлежни за периодична оценка и известување за начинот на спроведување на Стратегијата. Истовремено, Генералниот секретаријат и Одделението за осработка со невладините организации ќе се координираат со различни министерства и други органи на државната управа одговорни за спроведување на конкретните мерки во Стратегијата, за да се обезбеди времено планирање и спроведување на активностите.

# VI ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ



Конкретните мерки за спроведување на Стратегијата за соработка со граѓанскиот сектор се вградени во Акцискиот план за спроведување што е составен дел од оваа стратегија (прилог 1).

# VII КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА




1. Програма за работа на Владата на Република Македонија за периодот 2006 -2010
2. *ЦИВИКУС: Индекс на граѓанското општество во Република Македонија,* Македонски центар за меѓународна соработка, Скопје 2005
3. *Техничка поддршка на Одделението за соработка со* невладините *организаци за соработка со граѓанското општество, Мерки за видливост и насоки за комуникација*, Европска агенција за реконструкција, октомври 2006
4. *Техничка поддршка на Одделението за граѓанско општество, План за обука и градење на капацитетите*, Европска агенција за реконструкција, јуни 2006
5. *Иницијатива за формирање на Одделение за соработка на Владата со невладиниот сектор во Република Македонија, Генерален секретаријат-Сектор за европска интеграција, Одделение за институционална надградба, ноември 2004*
6. *Правилник за внатрешна организација на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, 2004*
7. *Национална стратегија за интеграција на Република Македонија во Европската Унија, 2004*
8. *Стратегијата за обука на службеници на државната администрација во Република Македонија во процесот на приближување кон Европската Унија, 2000*
9. *Записници од остварените консултативни средби* за концептот на Стратегијата за соработка со граѓанскиот сектор, реализирани во Скопје, во Штип, во Гостивар, во Струмица и во Струга
10. *Адресар на граѓанските организации во Македонија,* Македонски центар за меѓународна соработка, Скопје 2003
11. *The Charter of the Council of the Government of the Slovak Republic for Non-governmental non-profit organizations,* approved by Resolution No.738 of 31 August 1999
12. *Plan of action for the implementation of the Concept for the Development of the Estonian Civil Society for 2004-2006*
13. *Strategy of Cooperation of the Government of the Republic of Slovenia with Non-governmental Organizations*, April 2006

14. *Predlog- Nacionalna strategija za stvaranje poticajnog okruzenja za razvoj civilnog drustva, od 2006-2011* godine, Republika Hrvatska
15. *Compact on Relations Between Government and the Voluntary and Community Sector in England*, UK, November 1998
16. *Strategy for Danish Support to* Civil Society in Developing Countries - including Cooperation with the Danish NGOs, October 2000
17. *The National Program for Strengthening Civil Society 2005-2009*, Latvia
18. *Strategy Paper of the Government of Hungary on Civil Societ*y, 22 October 2002
19. *Program for cooperation Between the Government of the Republic of Croatia and the Non-government - Non-profit Sector in the Republic of Croatia,* December 2000
20. *A Comparative Analysis of European Policies and Practices of NGO - Government Cooperation*, by Nilda Bullain and Radost Toftisova, European Center for Not-for-Profit Law (ECNL), 2004
21. *Implementation of NGO-Government Cooperation Policy Documents: Lessons Learned*, by Radost Toftisova, 2005
22. *The Liaison Office as a Tool for Successful NGO-Government Cooperation: An Overview of the Central and Eastern European and Baltic Countries' Experiences,* by Maria Gerasimova, 2006
23. *Одговорите на Прашалникот на Европската комисија за подготовка на мислење за барањето на Република Македонија за членство во Европската Унија*
24. *Извори за финансиска одржливост на граѓанските организации во Република Македонија*, од Славко Лазовски и Борче Смилевски, 2004
25. *Компаративен преглед на даночни закони во централна и источна Европа*, подготвено од Меѓународниот центар за непрофитно право
26. *Индекс за одржливост на невладините организации*, УСАИД, 2005
27. *Извештаи на Европската комисија за стабилизација и асоцијација на Македонија*, 2002, 2003 и 2004 година
28. *Извештај на Европската комисија за постигнатиот напредок на Република Македонија, ноември 2006*
29. *Компаративна анализа на европските правни системи и практики во врска со волонтерството*, Катерина Хаџи-Мицева
30. *Финансирање на граѓанските организации од страна на државата*, Македонски центар за меѓународна соработка, 2003
31. *Иницијатива за подготовка на Закон за волонтерство, Секретаријат за европски прашања, октомври 2006*
32. *Национална стратегија за млади и спорт*, 2005
33. *„Global Civil Society: An Overview",* Lester M. Salamon, the John Hopkins Comparative Nonprofit Sector Project, 2003

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Генерален секретаријат



# Акциски план за спроведување на стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор

## [2007-2011]

Скопје, јануари 2007 година



# ЦЕЛ 1: НАДГРАДУВАЊЕ НА ПРАВНАТА РАМКА

| Резултати | Мерки | Активности | Врем. рамка | Одг. институ. | |
|---|---|---|---|---|---|
| *Изменување и дополнување на Законот за здруженија на граѓани и фондации и донесување подзаконски акти* | | | | | |
| ▪ Подобрени услови за основање и функционирање на граѓанските организации.<br>▪ Граѓанските организации директно се занимаваат со стопански дејности, со што ќе се зголемат можностите граѓанските организации да се здобијат со средства од сопствени извори за остварување на статутарните активности и покривање на трошоците за работење.<br>▪ Посебен статус за граѓанските организации кои се занимваат со активности од јавен интерес.<br>▪ Објективен, одговорен и транспарентен механизам за давање даночни бенефиции и други видови поддршка од страна на државата, преку кој ќе се создаде основа за одржливост.<br>▪ Поголема одговорност во работењето на граѓанските организации. | ▪ Изменување на Законот за здруженија на граѓани и фондации.<br>▪ Усвојување на подзаконските акти. | ▪ Идентификување на актерите, нивните меѓусебни односи, приоритетите, како и споредбена анализа.<br>▪ Јавна расправа.<br>▪ Формирање меѓусекторска работна група за подготовка на предлог-измените и подзаконските акти.<br>▪ Техничка поддршка во процесот на подготовка на предлог-измените и подзаконските акти.<br>▪ Подготовка на практични материјали.<br>▪ План за следење на спроведувањето и оценка. | ½ 2007 | Министерство за правда, Генерален секретаријат | Генереален секретаријат / Одделение за соработка со невладините организации |
| *Спроведување на донесените решенија* | | | | | |
| Конзистентно и хармонизирано спроведување на правните одредби кои се однесуваат на граѓанските организации. | ▪ Промовирање на законските решенија меѓу граѓанските организации.<br>▪ Јакнење на капацитетите на одговорните државни службеници за соработка со граѓанските организации кои ќе го применуваат законот.<br>▪ Следење на спроведување на законот и подзаконските акти. | ▪ Организирање образовни и информативни настани за граѓанските организации.<br>▪ Организирање семинари за владините службеници кои ќе го применуваат законот.<br>▪ Подготовка на практични материјали.<br>▪ План за следење на спроведувањето и оценка. | 2007-2008 (интензивно) 2009-2011 (континуирано следење) | Министерство за правда, Генерален секретаријат | Генереален секретаријат/ Одделение за соработка со невладините организации |

# ЦЕЛ 2: УЧЕСТВО НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР ВО КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКИТЕ

| Резултати | Мерки | Активности | Врем. рамка | Одг. институ. | |
|---|---|---|---|---|---|
| *Воспоставување механизми за учеството на граѓаните и нивните организации во процесите на донесување одлуки* | | | | | |
| ▪ Развиен систем за вклучување на граѓанските организации во процесите на донесување одлуки на сите нивоа.<br>▪ Граѓанските организации учествуваат во креирање, спроведување и следење на јавните политики и подготовка на државните акти.<br>▪ Предлог-законите се достапни на јавноста преку интернет-страниците на министерствата и другите органи на државната управа.<br>▪ Мислењата на граѓанските организации се разгледани и вклучени во процесот на одлучување.<br>▪ Граѓанските органзиации се вклучени во подготовката на Буџетот на Република Македонија. | ▪ Изменување на Деловникот за работа на Владата и воведување механизми кои ќе овозможат информирање и активно учество на претставници на граѓанските организации во донесувањето политики, закони и други одлуки преку јавни дискусии и поднесување мислења.<br>▪ Градење на капацитетите на државните службеници и граѓанските организации за спроведување на измените на Деловникот.<br>▪ Следење на спроведувањето на измените на Деловникот.<br>▪ Изготвување мерки за соработка и партиципација на граѓанските организации во процесот на подготовка на буџетот на Република Македонија. | ▪ Идентификување на актерите, нивните меѓусебни односи, приоритетите, како и споредбена анализа.<br>▪ Јавна расправа.<br>▪ Формирање меѓусекторска работна група за подготвување измени на Деловникот за работа на Владата.<br>▪ Формирање меѓусекторска работна група за утврдување мерки за вклучување на граѓанските организации во процесот на подготовка на Буџетот на Република Македонија.<br>▪ Донесување измени на Деловникот за работа на Владата за воведување механизми за вклучување на граѓанските организации во процесите на донесување одлуки.<br>▪ Техничка поддршка во процесот на подготовка на измените на Деловникот и во изготвувањето на мерките.<br>▪ Подготовка на практични материјали.<br>▪ План за следење на спроведувањето и оценка.<br>▪ Организирање образовни и информативни настани за државните службеници и граѓанските организации. | 2007-2008 | Министерство за правда, Генерален секретаријат, Министерство за труд и социјална политика | Генерален секретаријат/ Одделение за соработка со невладините организации |

| Резултати | Мерки | Активности | Врем. рамка | Одг. институ. | |
|---|---|---|---|---|---|
| *Активно учество на претставници на граѓанските организации во државни советодавни и други тела* | | | | | |
| Граѓанските организации учествуваат во работата на советодавни тела и други државни тела и се вклучени во процесот на креирање, спроведување и следење на јавните политики. | ▪ Усвојување измени на правните акти за учество на граѓанските организации во работата на стручните совети на Владата - Правниот и Економскиот совет и други советодавни тела.<br>▪ Градење на капацитетите на државните службеници.<br>▪ Градење на капацитетите на граѓанските организации за спроведување на правните акти.<br>▪ Создавање коалиција со граѓанскиот сектор за сузбивање на корупцијата. | ▪ Идентификување на актерите, нивните меѓусебни односи, приоритетите, како и споредбена анализа.<br>▪ Јавна расправа.<br>▪ Формирање меѓусекторска работна група за подготвување измени на правните акти.<br>▪ Формирање меѓусекторска работна група за вклучување на граѓанските организации во борбата против корупцијата.<br>▪ Донесување на правните акти од страна на Владата за вклучување на граѓанските организации во стручните совети на Владата - Правниот и Економскиот совет и други советодавни тела.<br>▪ Техничка поддршка во процесот на подготовка на правните акти , како и коалицијата.<br>▪ Подготовка на практични материјали.<br>▪ Организирање образовни и информативни настани за државни службеници и за граѓанските организации. | 2007-2008 | Министерство за правда, Генерален секретаријат, Министерство за труд и социјална политика | Генерален секретаријат/ Одделение за соработка со невладините организации |

# ЦЕЛ 3: ОСТВАРУВАЊЕ МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА

| Резултати | Мерки | Активности | Врем. рамка | Одг. институ. | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Обезбедување функционална мрежа за комуникација и координација на активностите поврзани со развојот на граѓанскиот сектор** | | | | | |
| ▪ Одделението за соработка со невладините организации ефикасно ги спроведува своите активности и ја координира и ја унапредува соработката меѓу Владата, граѓанските организации и другите органи на државната управа.<br>▪ Хармонизирано спроведување на принципите на генералната политика на соработка помеѓу Владата и граѓанските организации, со предлог истото да се примени и на локално ниво.<br>▪ Граѓанските организации имаат подобар пристап до министерствата и одговорните лица за соработка со кои можат да соработуваат и да ги вклучат во своите активности.<br>▪ Одговорните лица за соработка и државните службеници подобро ги разбираат можности кои произлегуваат од соработката со граѓанските организации.<br>▪ Државните службеници се обучени да ги промовираат и поефикасно да ги применуваат законските и подзаконските акти. | ▪ Градење на капацитетите на Одделението за соработка со невладините организации, како и на одговорните државни службеници за соработка со граѓанските организации.<br>▪ Развивање систем за размена на информации, искуства, како и консултации помеѓу Одделението за соработка со невладините организации и одговорните државни службеници за соработка со граѓанските организации со цел поефикасно и координирано спроведување на целите на стратегијата, законските и подзаконските акти.<br>▪ Поттикнување размена на искуства со единиците на локалната самоуправа со цел да помогне во спроведување на целите на стратегијата.<br>▪ Следење на спроведувањето на мерките. | ▪ Утврдување на функциите на Одделението за соработка со невладините организации (опис на надлежности), како и начинот на соработка со други органи на државата.<br>▪ Назначување одговорни државни службеници за соработка со граѓанските организации во соодветните институции.<br>▪ Промовирање одговорни државни службеници за соработка со граѓанските организации и подготовка на практични материјали.<br>▪ Развивање редовно информирање на одговорните државни службеници за соработка со граѓанските организации за активностите на Одделението за соработка со невладините организации, внатрешна листа на комуникација/дистрибуција, месечни информативни состаноци.<br>▪ План за континуирана обука на Одделението за соработка со невладините организации и одговорните државни службеници за соработка со граѓанските организации: дообразование и едукација за граѓанското општество и работата на граѓанските организации, формално-правната импликација на законите поврзани со граѓанските организации, како и на актите кои ќе се изготват како резултат на оваа стратегија.<br>▪ Координација од страна на Министерството за локална самоуправа за размена на искуства на централно и локално ниво. | 2007-2008 (интензивно)<br>2009-2011 (континуирано следење) | Генерален секретаријат и други органи на државната управа | Генерален секретаријат/Одделение за соработка со невладините организации |

# ЦЕЛ 4: ОСТВАРУВАЊЕ МЕЃУСЕКТОРСКА СОРАБОТКА

| Резултати | Мерки | Активности | Врем. рамка | Одг. институ. | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Промовирање ефикасна соработка со граѓанскиот сектор** | | | | | |
| ▪ Координирана и функционална соработка помеѓу јавниот и приватниот сектор, која е насочена кон конкретни проекти и активности, развој на долгорочна стратегија во дадена област, што е од значење на заедницата, т.е. е од јавен интерес.<br>▪ Вклучување на граѓанските организации во подготвување и спроведување проекти и активности кои се од заеднички интерес на Владата, граѓанските организации и граѓаните<br>▪ Обезбедување финансиска поддршка за остварување на заедничките активности и проекти преку грантови или договори.<br>▪ Транспарентно следење на доделените средства за проектните активности.<br>▪ Следење на спроведувањето на донесените законски одредби и другите мерки предложени во стратегијата.<br>▪ Поефикасно идентификување на проблемите и задоволување на потребите на граѓаните и на граѓанските организации.<br>▪ Граѓаните и граѓанските организации директно придонесуваат кон подобрување на јавните услуги и борбата против бирократијата и корупцијата. | ▪ Промовирање на Одделението за соработка со невладините организации во јавноста.<br>▪ Стимулирање на граѓанските организации да соработуваат, координираат и заеднички да настапуваат во своите активности и комуникација со Владата преку градење мрежи и платформи.<br>▪ Поддршка во процесот, обезбедување финансиска поддршка преку грантови или договори<br>▪ Надгледување на проектните активности и востановување на други механизми за следење.<br>▪ Воспоставување граѓански дневник за оценка на работата на органите на државната управа. | ▪ Анализа на досегашната соработка меѓу Владата и граѓанските организации.<br>▪ Јавна расправа.<br>▪ Подготовка на практични материјали.<br>▪ Развивање бренд (лого) на Одделението за соработка со невладините организации, интернет-страница, промотивни материјали и лифлети, информативно гласило.<br>▪ Изготвување форумлар за оценка на работата на органите на државната управа, разгледување на резултатите, нивно објавување и постапка за истите.<br>▪ Формирање меѓусекторски советодавни тела за разгледување и спроведување на одредени проекти од јавен интерес.<br>▪ Формирање на меѓусекторско тело за креирање и следење на поддржаните проектни активности. | 2007 (интензивно)<br>2008-2011 (континуирано) | Генерален секретаријат и други органи на државната управа | Генерален секретаријат/Одделение за соработка со невладините организации |

# ЦЕЛ 5: ВКЛУЧЕНОСТ НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР ВО ПРОЦЕСОТ НА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

| Резултати | Мерки | Активности | Врем. рамка | Одг. институ. | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вклучувањето на граѓанскиот сектор во утврдување на политиката и законодавството поврзано со евроинтеграцијата** | | | | | |
| ▪ Активна вклученост и придонес на граѓанските организации со целиот свој капацитет во процесот на подготовка и спроведување национални развојни планови, оперативни програми и соодветни стратешки документи.<br>▪ Владата го поддржува процесот на јакнење на капацитетите на граѓанските организации преку можностите што ги нуди инструментот ИПА. | ▪ Воспоставување механизам за консултации на граѓанските организации во подготовката, усогласувањето, спроведувањето, а особено во процесот на развивање национални развојни планови, оперативни програми и други стратешки документи.<br>▪ Воспоставување механизам/ платформа за активно учество на граѓанските организации во процесот на консутлација за приоритетите во програмирањето на инструментот за претпристапна помош -ИПА.<br>▪ Усвојување на Рамковната регулатива за спроведување на инструментот ИПА од страна на Владата, по нејзиното усвојување од страна на Европската комисија. | ▪ Изработка на национални развојни планови, оперативни програми и други стратешки документи. | 2007-2011 | Секретаријат за европски прашања, Генерален секретаријат | Генерален секретаријат/ Одделние за соработка со невладините организации |

# ЦЕЛ 6: СОЗДАВАЊЕ УСЛОВИ ЗА ФИНАНСИСКА ОДРЖЛИВОСТ НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР

| Резултати | Мерки | Активности | Врем. рамка | Одг. институ. | |
|---|---|---|---|---|---|
| *Подобрување на рамката за директно финансирање од државата* | | | | | |
| ▪ Транспарентно и конзистентно доделување средства од буџетот на Република Македонија, игрите на среќа и забавните игри, како и други извори.<br>▪ Граѓанските организации имаат еднаков пристап до јавните средства што ја зголемува можноста за финансиска одржливост на граѓанските организации.<br>▪ Поддршката е насочена пред сѐ кон активности кои целат кон задоволување на потребите на граѓаните.<br>▪ Граѓанските организации ги користат средствата поодговорно, постои поголема отчетност и транспарентност во нивното работење што ја олеснува можноста за следење и оценка на спроведувањето на финансираните активности.<br>▪ Граѓанските организации имаат подеднаков пристап до државните фондови за испорака на социјални услуги. | ▪ Донесување нова одлука за критериуми за распределба на средства од буџетски извори, игрите на среќа и забавните игри, како и други извори, со јасно дефинирани принципи и критериуми.<br>▪ Следење на спроведувањето на одлуката.<br>▪ Изменување на Законот за игрите на среќа и забавните игри.<br>▪ Создавање механизми за соработка помеѓу министерствата и граѓанските организации во спроведување на услугите (пр. лиценцирање). | ▪ Идентификување на актерите, нивните меѓусебни односи, приоритетите, како и споредбена анализа.<br>▪ Јавна расправа.<br>▪ Формирање меѓусекторска работна група за подготвување на одлуката.<br>▪ Формирање меѓусекторска работна група за подготвување на измените на Законот за игрите на среќа и забавните игри.<br>▪ Формирање меѓусекторска работна група за вклучување на граѓанските организации во спроведување на услугите.<br>▪ Техничка поддршка во процесот на подготовка на одлуката и механизмите.<br>▪ Подготовка на практични материјали.<br>▪ План за следење на спроведувањето и оценка.<br>▪ Составување база на податоци за граѓанските организации на кои ќе им бидат доделени средства од буџетот на Република Македонија. | 2007 | Министерство за финансии, Генерален секретаријат, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за правда, Министерство за економија, Агенција за млади и спорт | Генерален секретаријат/ Одделение за соработка со невладините организации |

| Резултати | Мерки | Активности | Врем. рамка | Одг. институ. | |
|---|---|---|---|---|---|
| *Создавање поволна даночна и фискална рамка за поддршка* | | | | | |
| ▪ Развиени механизми за самофинансирање на граѓанските организации и остварените средства ги користат за спроведување на своите статутарни активности и стратешки цели.<br>▪ Подобрена правна рамка за финансиско работење на граѓанските организации.<br>▪ Даночните закони се хармонизирани со европските практики. | ▪ Изменување на даночните закони (на добивка, ДДВ, на имот, на пресонален доход) и други закони кои влијаат на работата на граѓанските организации со што се подобрува пристапот до ресурси.<br>▪ Изменување на Законот за сметководство на непрофитните организации, поради подобрување на правната рамка за финансиско-сметководственото работење.<br>▪ Следење на спроведувањето на законите. | ▪ Идентификување на актерите, нивните меѓусебни односи, приоритетите, како и споредбена анализа.<br>▪ Анализа на примената на Законот за сметководство.<br>▪ Јавни расправи.<br>▪ Формирање меѓусекторска работна група за подготвување на предлог-измените на даночните закони и Законот за сметководство.<br>▪ Техничка поддршка во процесот на подготовка на измените на даночните закони и Законот за сметководство.<br>▪ Подготовка на практични материјали.<br>▪ План за следење на спроведувањето и оценка. | 2007-2009 | Министерство за финансии, Генерален секретаријат, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за правда, Министерство за економија, Агенција за млади и спорт | Генерален секретаријат/ Одделение за соработка со невладините организации |

| Резултати | Мерки | Активности | Врем. рамка | Одг. институ. | |
|---|---|---|---|---|---|
| *Поттикнување на филантропијата* | | | | | |
| ▪ Граѓанските организации го сфаќаат и соодветно го применуваат приниципот на филантропија.<br>▪ Деловните субјекти и физичките лица се стимулирани финансиски да ги поддржат активностите на граѓанските организации и да придонесат кон развојот на граѓанскиот сектор.<br>▪ Владата, деловните субјекти и граѓанските организации соработуваат и заеднички придонесуваат кон развојот на заедницата и мобилизирање средства од приватни извори. | ▪ Изменување на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.<br>▪ Следење на спроведувањето на Законот.<br>▪ Поддршка на програмите за социјално одговорни претпријатија. | ▪ Анализа на примената на Законот за донации и спонзорства во јавни дејности.<br>▪ Јавна расправа.<br>▪ Формирање меѓусекторска работна група за подготвување на предлог-измените на даночните закони и Законот за сметководство.<br>▪ Техничка поддршка во процесот на подготовка на измените на даночните закони.<br>▪ Подготовка на практични материјали.<br>▪ План за следење на спроведувањето и оценка.<br>▪ Заедничка меѓусекторска организација на настани кои се поврзани со промоција на филантропијата и социјалната одговорност. | 2007–2008 (интензивно)<br>2009-2011 (континуирано следење) | Министерство за финансии, Генерален секретаријат, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за правда, Министерство за економија, Агенција за млади и спорт | Генерален секретаријат/ Одделение за соработка со невладините организации |

| Резултати | Мерки | Активности | Врем. рамка | Одг. институ. | |
|---|---|---|---|---|---|
| *Промовирање на волонтерството* | | | | | |
| ▪ Подобрени услови и рамка за волонтирање.<br>▪ Зголемена граѓанската активност и учество во решавање на проблемите на заедницата преку волонтерски ангажман. | ▪ Подготовка на Закон за волонтерство.<br>▪ Подготовка на Стратегија за промовирање и развој на волонтерство и акциски план за спроведување<br>▪ Следење на спроведувањето на законските решенија.<br>▪ Следење на спроведувањето на планот. | ▪ Идентификување на актерите, нивните меѓусебни односи, приоритетите, како и споредбена анализа.<br>▪ Јавна расправа.<br>▪ Формирање меѓусекторска работна група за подготвување на законот и Подготовка на Стратегијата и Акцискиот план за спроведување.<br>▪ Техничка поддршка во процесот на подготовка на законот, стратегијата и акцискиот план.<br>▪ Подготовка на практични материјали.<br>▪ План за следење на спроведувањето и оценка.<br>▪ Промоција на волонтерството. | 2007-2008 (интензивно)<br>2009-2011 (континуирано следење) | Министерство за финансии, Генерален секретаријат, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за правда, Министерство за економија, Агенција за млади и спорт | Генерален секретаријат/Одделение за соработка со невладините организации |

# ЦЕЛ 7: ПОСТОЈАН РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР

| Резултати | Мерки | Активности | Врем. рамка | Одг. институ. | |
|---|---|---|---|---|---|
| *Постојан развој на граѓанскиот сектор и негово зајакнување* | | | | | |
| ▪ Граѓаните ја препознаваат соработката на Владата со граѓанскиот сектор и активностите кои ги презема во таа насока.<br>▪ Секторот активно придонесува во развојот на заедницата и исполнувањето на интересите на граѓаните.<br>▪ Граѓаните го препознаваат позитивното влијание на граѓанските организации во општествените текови, ги поддржуваат и учествуваат во нивните активности.<br>▪ Медиумите професионално известуваат за активностите на граѓанските организации, ги поддржуваат и информираат за нивните активности со цел да се подобри имиџот на граѓанските организации.<br>▪ Единиците на локалната самоуправа ја препознаваат важноста на стратегијата преку системско вклучување на граѓанските организации во нивната работа и при информирањето на граѓаните ги вклучуваат и активностите на граѓанските организации на локално ниво. | ▪ Потттикнување развој на граѓанскиот сектор, особено надвор од главниот град и во руралните средини.<br>▪ План за поддршка на активности значајни за развој на секторот преку отворен процес на соработка со сите засегнати страни.<br>▪ Иницирање соработка и вклучување на медиумите во работењето на граѓанските организации преку постојано следење на нивните активности.<br>▪ Создавање комуникациски мрежи за споделување на позитивните примери на меѓусебна соработка со единиците на локалната самоуправа да се поттикне развојот на локалните граѓански организации, особено надвор од главниот град и во руралните средини и да се промовира институционализирање на соработката и на локално ниво. | ▪ Истражување на секторот; воведување наставни програми за развојот на граѓанското општество и суштината на постоење и начинот на функционирање на граѓанскиот сектор во образованието; поддршка на правни совети за развој на мали граѓански организации, сметководствени услуги.<br>▪ Поддршка на процесите на граѓанскиот сектор во активностите за самоорганизирање во мрежи и платформи.<br>▪ Анализа на досегашната соработка со медиумите и единиците на локалната самоуправа.<br>▪ Јавна расправа.<br>▪ Техничка поддршка во процесот на подготовка на плановите и мрежите. | 2007-2011 | Генерален секретаријат, Министерство за локална самоуправа и други органи на државната управа | Генерален секретаријат/Одделение за соработка со невладините организации |



Одделение за соработка со невладини организации
при генералниот секретеријат во Владата

**e-mail:** nvosorabotka@gs.gov.mk
**www.**nvosorabotka.gov.mk
**www.**vlada.mk